Почитувани,
Ние НЈСК Холдинг од Скопје, носители на едно од одобренијата за одгледување на канабис за медицински цели засегнати од предлог Законот за измени и дополнувања на Закон за опојни дроги и психотропни супстанци имаме неколку забелешки кои директно имаат влијание врз натамошната работа на сите компании кои имаат лиценца за одгледување на медицински канабис.
Имено, во истиот предлог предвидено е времетраење на одобрението издадено од Министерството за здравство, но не е предвиден начинот на продолжување на истата.
Така на пример, дозволата за производство на лекови се продолжува по соодветна постапка предвидена во законот за лекови.
Во однос на оваа забелешка предлагаме:
Продолжување на лиценцата за производство, односно одгледување на канабис за медицински цели издадена од Министерството за Здравство се врши на следниот начин.
Производителот е должен шест месеци пред истекот на дозволата да испрати барање за продолжување на важноста.
Министерството за здравство е должно во рок од три месеци изврши контрола на исполнети услови во континуитет и издаде продолжување на дозволата без барање согласност од Владата на Р.Македонија за продолжување, бидејќи истата веќе е издадена.
Ако Министерството за Здравство не постапи според предвидените рокови на производителот му се продолжува одобрението по автоматизам.
Втората забелешка се однесува на не доволно прецизирани надлежности и постапки околу увозот, извозот и прозводството на канабис, суровини од канабис и финални производи од канабис кои надлежности се предвидени да се префрлат од надлежност на агенција за лекови во Министерството за здравство.

Предлагаме да се прецизира начинот на издавање на дозволите, обврските на производителите, обврските на надлежниот орган и се она кое подразбира регулатива од ваков карактер.
Нерегулирањето на овие две суштински забелешки подтикнува можност за корупција на одредени сектори во администрацијата со можност да се направат трајни штети врз компаниите производители.

Третата забелешка е забраната за употреба на листот од канабис на нашите производи.
Ве потсетуваме дека во овој момент само една компанија во РМ е производител а ние сме во сосема крајна фаза на регистрација на финален производ, чекајќи ја Агенцијата за лекови да ни ја одобри истата.
Нашиот заштитен знак и името на новиот производ е веќе меѓународно заштитен.

Со оваа забелешка сакаме да ве потсетиме дека нашата компанија е директна странска инвестиција во РМ.
Со почит НЈСК Холдин Скопје